**ИЗВОД**
**ОДУ бр.434/23**

Република Северна Македонија
**НОТАР**
**Методија Ристоски**
за подрачјето на Основните судови на град Скопје
ул. "Маршал Тито" бр.11-2/1 Скопје
Во Скопје, на 31.05.2023 година

---------------------------------------------**З А П И С Н И К**---------------------------------------------
--------------**за текот на Собранието на Акционерите на ФЕРШПЕД АД Скопје**--------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Јас, **Нотар Методија Ристоски**, од Скопје, со службено седиште на ул."Маршал Тито" бр.11-2/1, за подрачјето на основните судови на градот Скопје, потврдувам дека на ден 31.05.2023 година, по Барање на **Друштво за меѓународна и внатрешна шпедиција со јавни и царински складишта ФЕРШПЕД АД Скопје**, со писмена покана за учество во работа на редовно собрание (**Прилог А**), а врз основа на член 4 и 92 од Законот за нотаријат и член 407 а во врска со член 383 став 3 од ЗТД, присуствував на Седницата на **ФЕРШПЕД АД Скопје,** со седиште на ул.„Македонија" бр.11а Скопје-Центар, со ЕМБС 4057465, ЕДБ 4030974259592, запишано во Трговскиот регистар и Централниот регистар видно од Тековна состојба на правното лице издадена како електронски издаден документ под бр.0805-50/155020230057256 година од ЦРРСМ (**Прилог Б**).----------------------------------------------------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
**Повикот** до сите акционери за учество на Седницата беше уредно објавен во средствата за јавно информирање на ден 29.04-01.05.2023 година и тоа во дневниот весник "Нова Македонија", кој во исечок е (**Прилог В**) на овој Записник за текот на Седницата на Собранието на ФЕРШПЕД АД Скопје.-----------------------------------------------------------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Пред почетокот на Собранието, Акционерите присутни на ова Собрание, како и овластените полномошници и застапници на акционерите го потпишаа **Списокот** на пријавени и верификувани акционери на ФЕРШПЕД АД Скопје (**Прилог Г**).-----------------------------------------------------
Списокот на пријавени и верификувани акционери е составен од Список на пријавени акционери за годишното собрание (**Прилог Д**) и Список на пријавени акционери за годишното собрание на ФЕРШПЕД АД Скопје, кои согласно член 400-а од ЗТД гласаат со кореспонденција (**Прилог Ѓ**), за кои акционери друштвото има воспоставено систем на уредна внатрешна евиденција и регистрација на акционери кои гласале со кореспонденција. Обезбедена е пријава за учество, документ за лична идентификација и образец за гласање кои се доставени во архивата на друштвото.---------------------------------------------------------------------------------------------------
Податоците од образецот за гласање по точките од процедуралниот и работниот дел, податоците за акционерот и архивскиот број на обезбедената документација уредно се евидентирани во списокот на акционери кои гласале со кореспонденција.---------------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Со увид во Акционерска книга од 30.05.2023 година, вкупниот број на акции на **ФЕРШПЕД АД Скопје изнесува 18.113 акции, од кои без право на глас се 1.810 акции, со право на глас се 16.303 акции.**---------------------------------------------------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Седницата на Собранието на Акционерите се одржа во просториите на хотелот Александар Палас на бул.8-ми Септември бр.15 во Скопје и истата започна во 12:00 часот. --------------------------

**ИЗВОД**
**ОДУ бр.434/23**

Седницата на Собранието на ФЕРШПЕД АД Скопје ја отвори претседавачот од минатото Собрание **Спиреска-Кочевска Елена**, родена на ден 29.12.1982 година во Скопје, со живеалиште на ул.Методија Шаторов Шарло бр.11/1-69 во Скопје, со ЕМБГ 2912982455053, чиј идентитет го утврдив со увид во лична карта рег.број A2619640 издадена од МВР Скопје, **како полномошник на акционерот Брњарчевска Радица,** со ЕМБГ 0408961455099, која ги поздрави сите присутни акционери и застапници на акционери и им посака успешна работа на Собранието.---------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Според верификуваниот список на денешната седница се присутни акционери со 12.479 акции т.е 76,54 % од вкупниот број на акции со право на глас, односно согласно список за акционери кои доставиле благовремено образци за гласање по пат на кореспонденција се 29 акционри или 11.882 акции, со полномошно со инструкции за гласање е пријавен еден акционер со 10 гласа, со полномошно по слободно убедување во интерес на акционерот се пријавени двајца акционери преку еден полномошник, тоа се Отворен задолжителен пензиски фонд САВА ПЕНЗИСКИ ФОНД со 561 акција и Отворен доброволен пензиски фонд САВА ПЕНЗИЈА ПЛУС со 16 акции, односно полномошникот ќе гласа со вкупно 577 акции. На денешната седница се пријави и еден акционер лично да гласа со 10 акции, тоа е акционерот Лидија Јагуриноска.-----------------------------------------
Претседавачот констатираше дека Собранието денес ќе работи со 33 акционери и има претставено 12.479 акции------------------------------------------------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот на Собранието констатираше дека нема пречки за започнување на работата на Собранието по веќе објавениот Дневен ред и истиот го прочита.-------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------**ДНЕВЕН РЕД**-----------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
**I.ПРОЦЕДУРАЛЕН ДЕЛ**------------------------------------------------------------------------------------
-Избор на Претседавач со Собранието------------------------------------------------------------------
-Записничар (записникот го води Нотар)-------------------------------------------------------------
- Избор на бројачи на гласови -----------------------------------------------------------------------
-Усвојување на дневен ред------------------------------------------------------------------------------
**II.РАБОТЕН ДЕЛ**----------------------------------------------------------------------------------------
1. Разгледување и одобрување на Годишната сметка, финансиските извештаи за 2022 година ревидирани од овластен ревизор со Мислење и Годишниот извештај за работењето на ФЕРШПЕД АД Скопје за 2022 година.-----------------------------------------------------------------------------
2. Донесување Одлука за распределба на добивката по годишната сметка за деловната 2022 година.------------------------------------------------------------------------------------------------------
3. Донесување на Одлука за исплата на дивиденда со дивиденден календар.-----------------------------
4. Разгледување и одобрување на Извештајот поднесен од неизвршните членови на Одбор на директори за резултатите од контролата над управувањето со Друштвото за 2022 година.-------------
5. Разгледување и одобрување на Годишниот извештај за работата на Службата за внатрешна ревизија за 2022 година.---------------------------------------------------------------------------------
6. Разгледување и одобрување на Консолидираната годишна сметка и Консолидираните финансиски извештаи на групата ФЕРШПЕД за 2022 година, ревидирани од овластен ревизор со Мислење и Годишен извештај за работењето на групата ФЕРШПЕД за 2022 година.------------------
7. Донесување одлука за одобрување на работата на членовите на Одборот на директори на Друштвото за 2022 година.------------------------------------------------------------------------------
8. Донесување одлука за измена на статутот на ФЕРШПЕД АД Скопје--------------------------------------
9. Донесување одлука за избор на член на органот на управување------------------------------------------
10. Донесување одлука за назначување овластен ревизор за вршење ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи на ФЕРШПЕД АД Скопје, и консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи на групата ФЕРШПЕД за 2023 година.--------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**ИЗВОД**
**ОДУ бр.434/23**

**Точка 1 - Процедурален дел од дневен ред - Избор на Претседавач**-----------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

Согласно член 396 од ЗТД и член 65 од Статутот на друштвото, Собранието избира претседавач кој ќе ја води седницата.-----------------------------------------------------------------------------------

Председавачот ги запозна присутните акционери со предлогот од акционерот Брњарчевска Радица доставен на 08.05.2023 година до друштвото, да за претседавач биде избрана Спиреска-Кочевска Елена.-----------------------------------------------------------------------------------------------

Откако констатираше дека нема други предлози, го стави предлогот на гласање.-----------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

По гласањето, Собранието со:----------------------------------------------------------------------------
**- 12.479 гласови ЗА**, што претставува мнозинство акции со право на глас и управување,-------------
- 0 гласови ПРОТИВ и -------------------------------------------------------------------------------------
- 0 гласови ВОЗДРЖАН, -----------------------------------------------------------------------------------
**го избра полномошникот Спиреска-Кочевска Елена за Претседавач на Собранието** по пат на јавно гласање со кревање раце и по пат на гласање со кореспонденција.------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот се заблагодари за укажаната доверба да биде претседавач и да ја води денешната седница на собранието на акционери.------------------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Точка 2 - Процедурален дел од дневен ред -Записничар**---------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

Записникот од денешната седница на собранието на акционери на ФЕРШПЕД АД Скопје ќе го води Нотар Методија Ристоски.-------------------------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Точка 3 - Процедурален дел-Избор на бројачи на гласови**--------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот нагласи дека од акционерот Брњарчевска Радица на ден 08.05.2023 година е доставен предлог за бројач на гласови да биде избрана Маригула Димова. --------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот откако констатираше дека нема други предлози, го стави предлогот на гласање.-----
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

По гласањето, Собранието со:----------------------------------------------------------------------------
**- 12.479 гласови ЗА**, што претставува мнозинство акции со право на глас и управување,-------------
- 0 гласови ПРОТИВ и -------------------------------------------------------------------------------------
- 0 гласови ВОЗДРЖАН, -----------------------------------------------------------------------------------
**Ја избра Маригула Димова за бројач на гласови** по пат на јавно гласање со кревање раце и по пат на гласање со кореспонденција.--------------------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Точка 4 - Процедурален дел-Усвојување на дневен ред**----------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот констатираше дека во законски предвидениот рок од 8 дена од денот на објавување на јавниот повик во дневен весник не беа поднесени писмени барања за вклучување на нови точки во дневниот ред.----------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

По гласањето, Собранието со:----------------------------------------------------------------------------
**- 12.479 гласови ЗА**, што претставува мнозинство акции со право на глас и управување,-------------
- 0 гласови ПРОТИВ и -------------------------------------------------------------------------------------
- 0 гласови ВОЗДРЖАН, -----------------------------------------------------------------------------------
**Го усвои предложениот дневен ред** по пат на јавно гласање со кревање раце и по пат на гласање со кореспонденција.-------------------------------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

**ИЗВОД**
**ОДУ бр.434/23**

**Точка 1 - работен дел** ---------------------------------------------------------------------------------------------
**Разгледување и одобрување на Годишната сметка, финансиските извештаи за 2022 година ревидирани од овластен ревизор со Мислење и Годишниот извештај за работењето на ФЕРШПЕД АД Скопје за 2022 година.**-----------------------------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Согласно член 383, 384 и 478 од Законот за трговските друштва во надлежност на Собранието е да ги разгледа и одобри годишната сметка, ревидираните финансиски извештаи од овластен ревизор со Мислење и годишниот извештај за работењето на друштвото во 2022 година.-----------------------
Претседавачот отвори расправа по оваа точка-------------------------------------------------------------------
За збор се јавува полномошникот на **САВА ПЕНЗИЈА ПЛУС И САВА ПЕНЗИСКИ ФОНД** -----
Ние го поздравуваме напорот што е направен во делот на чистење на ревизорските извештаи, т.е. ФЕРШПЕД со години наназад се соочува и сеуште има некои материјални ставки кои од страна на ревизорот не се истакнуваат како спорни, туку како несоодветно презентирани во извештаите, така да некој напор што е направен со 2022 година да се исчистат тие извештаи ние го поздравуваме. Истовремено сакам да го повикам менџментот да направи напор наредните извештаи за 2023 година да бидат со чисто мислење, односно без резерва, со што би можеле и да го дадеме нашиот глас ЗА. Сеуште заради таа материјална ставка како забелешка од страна на ревизорот, ставени сме во ситуација да не можеме да поддржуваме годишни извештаи, да не можеме да поддржуваме консолидирани и единечна и годишна сметка се додека не ја видиме реалната и објективна слика на извештаите.-------------------------------------------------------------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Претседавачот се заблагодари за коментарот и посочи дека ќе се направат напори да се преземат овие чекори за да може да биде извештајот чист, односно без забелешки од ревизорите и да се добијат гласови ЗА.---------------------------------------------------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Како никој друг не се јави за збор претседавачот предложи да се премине на гласање за **Предлог Одлуката за одобрување на Годишната сметка за 2022 година**, и истата ја стави на гласање:----
--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
По гласањето, Собранието со:---------------------------------------------------------------------------------
- **11.902 гласови ЗА**, што претставува мнозинство акции со право на глас и управување,-------------
- 577 гласови ПРОТИВ и ------------------------------------------------------------------------------------
- 0 гласови ВОЗДРЖАН, -----------------------------------------------------------------------------------
констатирше дека Одлуката за одобрување на Годишната сметка за 2022 година, **е усвоена,** по пат на јавно гласање со кревање раце и по пат на гласање со кореспонденција, односно-------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Врз основа на член 56 став 1 точка 2 од Статутот на Друштвото за меѓународна и внатрешна шпедиција со јавни и царински складишта ФЕРШПЕД АД Скопје, а во согласност со член 384 став 2 точка 1 од Законот за трговските друштва, Годишното собрание на акционери на својата седница одржана на ден 31.05.2023 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**за одобрување на Годишната сметка за 2022 година**

1. Се одобрува Годишната сметка за 2022 година на Друштвото за меѓународна и внатрешна шпедиција со јавни и царински складишта ФЕРШПЕД АД Скопје и тоа:

| | |
|---|---|
| - ВКУПНИ ПРИХОДИ | 4.613.135.638 денари |
| - ВКУПНИ РАСХОДИ | 4.520.983.323 денари |
| - ДОБИВКА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ | 92.152.315 денари |

- ДАНОК НА ДОБИВКА 10.279.576 денари

- ДОБИВКА ПО ОДАНОЧУВАЊЕ 81.872.739 денари

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**Образложение :**

Годишното собрание на акционери на ФЕРШПЕД АД Скопје на својата седница одржана на ден 31.05.2023 година согласно одредбите од Законот за трговски друштва и Статутот на друштвото донесе одлука како во диспозитивот.

**Предлог Одлуката за одобрување на финансиските извештаи за 2022 година ревидирани од овластен ревизор**--------------------------------------------------------------------------------------------------
Претседавачот отвори дискусија. Од причина што никој не се јави за збор, Претседавачот ја затвори дискусијата и даде предлог да се донесе Одлуката за одобрување на финансиските извештаи за 2022 година ревидирани од овластен ревизор. Потоа се пристапи кон гласање.-----------
По гласањето, Собранието со:---------------------------------------------------------------------------------
- **12.479 гласови ЗА**, што претставува мнозинство акции со право на глас и управување,-------------
- 0 гласови ПРОТИВ и -----------------------------------------------------------------------------------
- 0 гласови ВОЗДРЖАН, --------------------------------------------------------------------------------
констатирше дека Одлуката за одобрување на финансиските извештаи за 2022 година ревидирани од овластен ревизор, **е усвоена,** по пат на јавно гласање со кревање раце и по пат на гласање со кореспонденција, односно-------------------------------------------------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Врз основа на член 56 став 1 точка 2 од Статутот на Друштвото за меѓународна и внатрешна шпедиција со јавни и царински складишта ФЕРШПЕД АД Скопје, а во согласност со член 384 став 2 точка 1 и член 476 став 4 од Законот за трговски друштва, Годишното собрание на акционери на својата седница одржана на ден 31.05.2023 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**за одобрување на финансиските извештаи на Друштвото за 2022 година ревидирани од овластен ревизор**

1. Се одобруваат финансиските извештаи на Друштвото за 2022 година ревидирани од овластен ревизор со мислење.

2. Извештаите од ставот 1 на оваа одлука се составен дел на Одлуката.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**Образложение :**

Годишното собрание на акционери на ФЕРШПЕД АД Скопје на својата седница одржана на ден 31.05.2022 година согласно одредбите од Законот за трговски друштва и Статутот на друштвото донесе одлука како во диспозитивот.

**Предлог Одлука за одобрување на Годишен извештај за работењето на друштвото за деловната 2022 година**---------------------------------------------------------------------------------------------
Претседавачот отвори дискусија. Од причина што никој не се јави за збор, Претседавачот ја затвори дискусијата и даде предлог да се донесе Предлог Одлука за одобрување на Годишен извештај за работењето на друштвото за деловната 2022 година, ја стави на гласање.------------------
По гласањето, Собранието со:---------------------------------------------------------------------------------
- **11.902 гласови ЗА**, што претставува мнозинство акции со право на глас и управување,-------------

- 577 гласови ПРОТИВ и ------------------------------------------------------------------------------------------
- 0 гласови ВОЗДРЖАН, -----------------------------------------------------------------------------------------
констатираше дека Одлука за одобрување на годишниот извештај за работењето на ФЕРШПЕД АД Скопје за деловната 2022 година, **е усвоена**, по пат на јавно гласање со кревање раце и по пат на гласање со кореспонденција, односно------------------------------------------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Врз основа на член 56 став 1 точка 2 од Статутот на Друштвото за меѓународна и внатрешна шпедиција со јавни и царински складишта ФЕРШПЕД АД Скопје, а во согласност со член 384 став 2 точка 1 и став 7 од Законот за трговски друштва, Годишното собрание на акционери на својата седница одржана на ден 31.05.2023 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**за одобрување на Годишниот извештај за работењето на ФЕРШПЕД АД Скопје за деловната 2022 година**

1. Се одобрува Годишниот извештај за работењето на ФЕРШПЕД АД Скопје за деловната 2022 година.
2. Извештајот од ставот 1 на оваа одлука е составен дел на Одлуката.
3. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**Образложение :**

Годишното собрание на акционери на ФЕРШПЕД АД Скопје на својата седница одржана на ден 31.05.2023 година согласно одредбите од Законот за трговски друштва и Статутот на друштвото донесе одлука како во диспозитивот.

**Точка 2 - работен дел**-------------------------------------------------------------------------------------------
**Донесување Одлука за распределба на добивката по годишната сметка за деловната 2022 година**------------------------------------------------------------------------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Врз основа на член 483 од Законот за трговските друштва, Собранието одлучува за распоредување на добивката. Во Одлуката за распоредување на добивката се прикажува секоја поединечна намена на добивката. Во прилог на оваа точка е ставена Предлог Одлука за распределба на добивката по годишната сметка за деловната 2022 година.----------------------------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Претседавачот отвори расправа по оваа точка-------------------------------------------------------------
За збор се јавува полномошникот на **САВА ПЕНЗИЈА ПЛУС И САВА ПЕНЗИСКИ ФОНД** -----
Полномошникот истакна дека ќе гласа против од причина што не е сигурен дека добивката што се презентира е таа добивка за која треба да гласа.----------------------------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Кога никој друг не се јави за збор претседавачот предложи да се пређе на гласање за Одлуката за распределба на добивката по годишната сметка за деловната 2022 година, ја стави на гласање-------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------
По гласањето, Собранието со:------------------------------------------------------------------------------
- **11.902 гласови ЗА**, што претставува мнозинство акции со право на глас и управување,--------------
- 577 гласови ПРОТИВ и ------------------------------------------------------------------------------------------
- 0 гласови ВОЗДРЖАН, -----------------------------------------------------------------------------------------
констатирше дека Одлуката за распределба на добивката по годишната сметка за деловната 2022 година, **е усвоена,** по пат на јавно гласање со кревање раце и по пат на гласање со

кореспонденција, односно--------------------------------------------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Врз основа на член 56 став 1 став 1 точка 2 од Статутот на Друштвото за меѓународна и внатрешна шпедиција со јавни и царински складишта ФЕРШПЕД АД Скопје, а во согласност со член 384 став 2 точка 2 од Законот за трговски друштва, Годишното собрание на акционери на својата седница одржана на 31.05.2023 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**за распределба на добивката по Годишната сметка за деловната 2022 година**

**1.** Добивката по оданочување за 2022 година во износ од 81.872.739 денари се распоредува на следниот начин:

| | |
|---|---|
| - Нераспределена (акумулирана) добивка | 61.872.739 денари |
| - Дел за инвестиции | 20.000.000 денари |

**2.** Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**Образложение :**

Годишното собрание на акционери на ФЕРШПЕД АД Скопје на својата седница одржана на ден 31.05.2023 година согласно одредбите од Законот за трговски друштва и Статутот на друштвото донесе одлука како во диспозитивот

**Точка 3 - работен дел** ------------------------------------------------------------------------------------------
**Донесување на Одлука за исплата на дивиденда со дивиденден календар** ---------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Согласно член 490 од Законот за трговските друштва во надлежност на Собранието на акционери е да одобри плаќање на дивиденда. Со одлуката на собранието со којашто се одобрува плаќање на дивиденда се определува износот на дивидендата, датумот на евиденција според кој се определува листата на акционери кои имаат право да добијат дивиденда и планот за исплата на дивиденда и денот на којшто дивидендата се исплаќа.------------------------------------------------------------------------
Во прилог на оваа точка е ставена Предлог Одлука за исплата на дивиденда со дивиденден календар ---------------------------------------------------------------------------------------------------------
Претседавачот отвори дискусија. Од причина што никој не се јави за збор, Претседавачот ја затвори дискусијата и даде предлог да се донесе Одлука за исплата на дивиденда со дивиденден календар.----------------------------------------------------------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

По гласањето, Собранието со:-----------------------------------------------------------------------------------
- **12.479 гласови ЗА**, што претставува мнозинство акции со право на глас и управување,-------------
- 0 гласови ПРОТИВ и -------------------------------------------------------------------------------------------
- 0 гласови ВОЗДРЖАН, ----------------------------------------------------------------------------------------
констатираше дека Одлуката за исплата на дивиденда со дивиденден календар, **е усвоена,** по пат на јавно гласање со кревање раце и по пат на гласање со кореспонденција односно,-------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**ИЗВОД**
**ОДУ бр.434/23**

Врз основа на член 56 од Статутот на Друштвото за меѓународна и внатрешна шпедиција со јавни и царински складишта ФЕРШПЕД АД Скопје, и член 487 став 1, 2 и 4 од Законот за трговски друштва, Годишното Собрание на акционери на својата седница одржана на ден 31.05.2023 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
за исплата на дивиденда со дивиденден календар

**Член 1**

Се одобрува исплата на дивиденда од акумулирана нераспределена оданочена добивка на Друштвото од минати години во бруто износ од 8.966.650 денари.

Дивидендата во бруто износ по акција ќе изнесува 550 денари.
Дивидендата ќе се исплатува во готово, на трансакциските сметки на акционерите.

**Член 2**

Датумите за исплата на дивиденда се утврдуваат по следниот дивиденден календар:

1. Последен ден на тргување со право на дивиденда е 14.06.2023 година.
2. Прв ден на тргување без право на дивиденда 15.06.2023 година.
3. Датумот на евиденција според кој се определува листата на акционери кои имаат право на дивиденда е 16.06.2023 година.

**Член 3**

Дивидендата ќе се исплати во законски предвидениот рок, а најдоцна до 30.09.2023 година.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**Образложение :**

Годишното собрание на акционери на ФЕРШПЕД АД Скопје на својата седница одржана на ден 31.05.2023 година согласно одредбите од Законот за трговски друштва и Статутот на друштвото донесе одлука како во диспозитивот.

**Точка 4 од работен дел**---------------------------------------------------------------------------------------------------
**Разгледување и одобрување на Извештајот поднесен од неизвршните членови на Одбор на директори за резултатите од контролата над управувањето со Друштвото за 2022 година.**------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Согласно член 480 став 2 и 3 од Законот за трговските друштва, неизвршните членови на ОД му поднесуваат на собранието писмен извештај за резултатите од контролата. Во извештајот го соопштуваат начинот на којшто извршиле контрола и обемот на контролата над управувањето со друштвото за време на претходната деловна година. Во извештајот се изјаснува и за резултатите од извршената ревизија спроведена од страна на овластениот ревизор за годишната сметка и за финансиските извештаи и се предлага дали тие да бидат усвоени или не.---------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Постапувајќи по горенаведеното, Во прилог на оваа точка е ставен на разлгедување Извештајот поднесен од неизврнните членови на одборот на директори за резултатите од контролата над управувањето со Друштвото за 2022 година.------------------------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот отвори дискусија. Од причина што никој не се јави за збор, Претседавачот ја затвори дискусијата и даде предлог да се донесе Одлуката за Разгледување и одобрување на Извештајот поднесен од неизвршните членови на Одбор на директори за резултатите од контролата над управувањето со Друштвото за 2022 година.-----------------------------------------------

По гласањето, Собранието со:-------------------------------------------------------------------------------------
- **11.902 гласови ЗА**, што претставува мнозинство акции со право на глас и управување,--------------
- 577 гласови ПРОТИВ и --------------------------------------------------------------------------------------------
- 0 гласови ВОЗДРЖАН, ------------------------------------------------------------------------------------------
